РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 12-995/1
18.10.2023 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Врз основа на член 45 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20), член 63 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесува

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за поведување на постапка за избор на изработувач на Детален Урбанистички План**

1.Со оваа Решение **СЕ ПОВЕДУВА** постапка за избор на изработувач на Детален урбанистички план за Урбана единица 1, за Блок 1,2 во град Валандово помеѓу улиците Улица 1 (Градска магистрална улица) , сервисна 2, сервисна 15, сервисна 16 и сервисна 3, со површина на планскиот опфат од 5,77ха.

2.Средствата во износ од 9456 €, во денарска против вредност по среден курс на народна банка за реализација на предметната постапка се обезбедуваат од Буџетот на Општина Валандово.

3.Изборот на изработувач на планот ќе се изврши врз основа најавен повик, согласно со одредбите од Законот за урбанистичко планирање, кој ќе биде објавен преку информацискиот систем е-урбанизам и на веб страната на Општина Валандово.

4.Јавниот повик за изработување на ДУП-от ќе го спроведе комисија во состав:

Горан Дончев – претседател, овл. Бр 0.0453

Ѓоко Аврамски – член

Стефан Димитров - член

5.Критериум за избор на најповолна понуда ќе биде економски најповолна понуда.

6. Решението влегува во сила од денот на донесувањето.

**ОПШТИНА ВАЛАНДОВО**
**Градоначалник**
**Перо Костадинов**

Изработил: Илија Матеев
Контролирал: Горан Дончев
Одобрил: Ѓоко Аврамски

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Ул.„Иво Лола Рибар" 6б, 2460 Валандово
Тел. +389 (0)34/382-044
www.valandovo.gov.mk